РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинска јавна установа за деца -детска градинка
Астибо Општина Штип
Бр. 03-273/2
01. 12 20 25 год.
ШТИП

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работни односи (,,Службен весник на РМ,, бр. 167/15 – пречистен текст), член 143 точка 3 и 13 од Законот за заштита на децата ( ,,Службен весник наРМ,,бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), член 10 и 20 од Колективниот договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата (Службен весник на Република Северна Македонија број 220/22) и финансиска согласност од Министерството за финансии бр.19-3376/3 од 14.05.2025 год и бр.19-7107/2 од 21.07.2025 год., в.д.директорот на ОЈУДГ,,АСТИБО,,Штип објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС 03/2025**

**за вработување на неопределено работно време**

1. Три ( 3 ) лица на работно место – ХИГИЕНИЧАР
2. Три ( 3 ) лица на работно место - ВОСПИТУВАЧ ПРИПРАВНИК
3. Четири ( 4 ) лица на работно место - НЕГУВАТЕЛ ПРИПРАВНИК

Општи услови кои важат за сите кадидати:

- да е државјанин на Р. Македонија,
- да е физички и психички здрав,
- да го познава македонскиот јазик и кирилското писмо,
- да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност , и
- да не му е изречена со правосилна судска пресуда со кое е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице,негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавеење, за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување.
- да исполнува и други услови утврдени во актот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

Покрај општите услови кои важат за сите кандидати, за секое работно место треба да се исполнат и посебните услови, и тоа:

1. **ХИГИЕНИЧАР – 3 извршители** - средно текстилно, гимназиско, електро-машинско образование или основно образование, без/со работно искуство

Распоред на работно време
- Работни денови: понеделник-петок
- Работни часови: 40 неделно
- Работно време: од 07:30 до 15:30

Паричен износ на основна плата: 26.893 денари

2. **ВОСПИТУВАЧ ПРИПРАВНИК - за ниво В4 – 3 извршители** - воспитувач на деца над две години возраст до шест години возраст, (дипломиран професор по предучилишно воспитание,

дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршено високо образование VII/1 степен  и за ниво В4 - воспитувач за престој на деца на возраст од шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст (дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст, дипломиран педагог за предучилишно воспитание и дипломиран педагог), со стекнати 240 кредити според ЕКТС

да се со важечка лиценца за воспитувач,

без/со работно искуство во струката

Распоред на работно време

- Работни денови: понеделник-петок
- Работни часови: 40 неделно
- Работно време: од 06:30 до 14:30

Паричен износ на основна плата: 38.549 денари

3. **НЕГУВАТЕЛ ПРИПРАВНИК - за ниво Д4– 4 извршители** - четиригодишно средно училиште: средно медицинско училиште, средно образование - насока гимназија, средно музичко училиште, средно ликовно училиште, средно фискултурно училиште,

важечка лиценца за неговател

без/со работно искуство

Распоред на работно време

- Работни денови: понеделник-петок
- Работни часови: 40 неделно
- Работно време: од 07:30 до 15:30

Паричен износ на основна плата: 30.821,00 денари

Огласот трае пет (5) работни дена од денот на објавувањето. Кандидатите треба да поднесат Пријава заедно со документите за апликација. Документите потребни за аплицирање на огласот мора да бидат во оригинал или копија заверена на нотар. Непотполните пристигнати документи нема да се разгледуваат од страна на комисијата за селекција за вработување. Избор ќе се изврши во рок од 45 дена. Заинтересираните кандидати апликациите можат да ги достават во архивата на ОЈУДГ„АСТИБО„Штип на ул. Др.Слободан Јовановски бр.5 или преку пошта со ознака „за јавен оглас за вработување 03/2025„ на ОЈУДГ„АСТИБО„ на ул.„Др.Слободан Јовановски„ бр.5 Штип.

- ОЈУДГ„АСТИБО„Штип -